Хуманитарна Асоцијација
Македонски Центар за Меѓународна Соработка

Годишен извештај 1994



Македонија 1995

Хуманишарна Асоцијација
Македонски Центар за Меѓународна Соработка

Годишен извештај
1994

Македонија 1995

Предговор

Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка е хуманитарна асоцијација која работи во областа на основната помош, рехабилитација и разој во Македонија.

МЦМС започна како заеднички потфат на локалните иницијативи и Холандската Меѓуцрковна Помош, водечка агенција на ССЦ во Македонија.

Во текот на 1994 година МЦМС растеше и јакнееше благодарејќи на големата подршка од ХМП и знаењето, вештината и благодарноста што на МЦМС и ги пренесе Херт Јан ван Апелдорн, претставник на ХМП во Македонија. МЦМС се калеше преку блиската работа со ХМП, преку првото "застанување на нозе", проодувањето и осамостојувањето. Остварувајќи ја својата цел ХМП го затвори своето претставништво во Македонија, но остави локална организација, МЦМС која во целост може да ја превземе одговорноста за пред себе поставените цели.

Кога во годишниот извештај говориме за активностите на МЦМС, иако не се спомнува, составен дел на тие активности е и ХМП и Херт Јан ван Апелдорн, без кои сето ова ќе беше невозможно.

Сашо Клековски
Програм директор

Содржина

1. Вовед
2. Рурален програм
3. Програм за промоција на можностите за вработување
4. Програм за достоинство на хендикепираните и маргинализираните
5. Програм за јакнење на Цивилно општество
6. Информации
7. Партнери
8. Структура и развој на МЦМС
9. Финансиски Извештај
10. Листа на кратенки
11. Прилог

    Преглед на проекти во 1994 година

1. Вовед

Џејмс Бејкер, во едно интервју во Гвардијан во Јуни 1994, изјави: "Сега се соочуваме со заканата од многу покрвава Балканска војна. Клучот е Македонија." Кратката изјава ја сумира ситуацијата која настана во регионот. Во многу анализи Македонија се набљудува како клуч за зачувување на мирот на Балканот. Во исто време чекорите кои ги презеде меѓународната заедница за зачувување на мирот не се доволно големи. Превентивната дипломатија, присуството на УНПРОФОР, признавањето на Република Македонија од страна на многу членови на ОН и ЕУ, различните хуманитарни програми се покажуваат како недоволни за спречување на продлабочената криза. По Декларацијата за независност постоеја големи надежи дека Македонија ќе биде прифатена и ќе го најде своето место во Европа без граници. Почетните очекувања се спротивни на чувството на горчливо разочарување кое доминира во моментот. Добро познатите околности на јужната и на северната граница на Македонија ја пролонгират перспективата на големи и непоправливи штети на македонската економија и општество.

Дестабилизацијата на Македонија, и персперктивита на војна кои можат да произлезат од соседните земји се приближуваат со големи чекори. Во краткиот период од неколку години, Македонија мораше да се бори за своето признавање како нација и членство во меѓународната задница. Покажана е комплетна подготвеност да се излезе во пресрет на сите барања сугерирани од Бадентеровата комисија, меѓународните финансиски институции, посредувањето на Сајрус Венс и многу други.

Кога беше нагласено дека Македонија не може да го носи товарот на санкциите на ОН против СР Југославија без помош, никој не сакаше да слуша. Чувствата на граѓаните се променија во чувство на изолираност, игнорираност, и дури казна за водењето на мирољубива политика. Рамнодушноста кон ситуацијата во која "странците ја зготвија чорбата, а ние треба да ја изедеме" се повеќе расте. Во таквата ситуација, промоцијата на мирот станува се потешка задача .

Во светлината на таква ситуација, со помош на Холандската меѓуцрковна помош и другите агенции на Светскиот Совет на Црквите (ССЦ) основан е Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС).

Целите на МЦМС се тројни:

1) Промоција на мирот

Она што недостасува во претставата на многу членови на јавноста на Република Македонија е чувството на нормалност на ситуацијата. Чувството дека сите тешкотии и притисоци се издржуваат и дека извесен број нешта се движат како што може да се очекува. Често невладините организации можат да направат многу малку за да влијаат на исходот на поголемите нешта, како што се војната и мирот. Меѓутоа, сигурно е возможно да се препознаат желбата на луѓето за мир, работа и среќа. Во моменталната состојба во Република Македонија, најважно е да се помогне на луѓето да видат дека е возможно да се достигне некаква нормалност и да се охрабрат да работат кон остварувањето на истата. Промоцијата на ваквиот став е долготрајна цел. Помагањето да се одржи и повторно да се воспостави некаква нормалност е заедничка водечка линија на програмот на МЦМС како локален партнер на агенциите на ССЦ.

2) Организирање на граѓанско општество

Оваа цел е блиску поврзана со првата долгорочна цел. Системот во поранешна Југославија не ги промовираше идеите за самоорганизирање, иницијативи за подобрување на локалните услови. За луѓето кои поминале поголем дел од својот живот под ваков систем, често е тешко радикално да го променат своето мислење. Дури и ако е

прилично јасно дека државата нема повеќе да се грижи за нив, или да ги заштити на истиот начин, или или со истиот степен како порано. Алтернативата е дека самите и заедно треба да работиме, но тоа не изгледа лесно за сите засегнати. Затоа, особено е важно да се поддржуваат групи на луѓе кои се активни или сакаат да станат активни во изградбата и организирањето на работите кои им се итно потребени со цел да живеат нормален живот. Додека се изградат НВО во Македонија на сите нивоа, целта на програмот е да помогне да се обезбеди постоење на основна граѓанска иницијатива, децентрализирани невладини додатоци на државната структура. Додаток, во смисол на тоа дека довербата се гради на искуството дека нештата можат да се направат на тој начин.

3) Помош на оние кои имаат потреба

Изградбата на таква самодоверба е особено важна за оние кои се чувствуваат запоставени или дискриминирани. Не е важно дали ова чувство ја рефлектира објективната реалност. Во Македонија, постојат внатрешни, барем делумни фактори на запоставување и дискриминација (кои) се доведени во игра со етничка, полова или дискриминација по возраст. Очигледно, помалите групи се во полоша состојба од останатите. Дури и ако сите се согласиме што треба да направиме, ќе недостасуваат средства. Овде неодминливата краткорочна цел е да се помогне на оние кои имаат најнеопходна потреба, но долгорочно, целта е да се обратиме на ситуацијата на запоставување и дискриминација.

Врз основа на вака поставената ситуација и врз основа на поранешното искуство во хуманитарната работа, рехабилитацијата и развојот во земјата и искуствата на активностите на другите НВО активни во земјата, МЦМС во 1994 разви четири основни програми и повеќе подржувачки програми.

Акцентот е да се помогнат луѓето во сопствената креативност и продуктивност и каде е возможно проектите да ја подржуваат филозофијата на "подршка на самопомош".

Проектите на МЦМС се базирани врз следните принципи:

1. Идентификација на проекти од организација на или блиска до одредените корисници, за да се овозможи добро нишањење.
2. Максимална употреба на продукти и услуги произведени во Република Македонија (со цел да се мултиплираат ефектите на обезбедената помош)
3. Максимална флексибилност во помошта за да корисниците добијаат помош која одговара на нивните потреби
4. Приоритет на проекти кои содржат и елементи на самопомош или ургентна помош и кои бараат скромно учество во средства

2. Рурален ūрограм

Овој програм се спроведува преку комунални проекти и заштита и развој на економските активности во избраните општини.

Првата селекција ги опфати селата во оние општини кои најмногу настрадаа од сушата која трае во последните 10 години: Прилеп, Т. Велес, Св. Николе, Штип, Радовиш и Струмица.

Од втората половина на 1994 година опфатени се планинските села во западниот дел од земјата.

Сушни региони

Со проектите не е можно да се опфатат сите општини погодени од сушата, пред се поради финансиски и организациони ограничувања. МЦМС се концентрира врз регионите (општините) кои претрпеа најголема штета и каде земјоделците мораат да го регенерираат својот капитал секоја година, и каде беше возможна идентификација преку локалните НВО и цркви, и други локални контакти. Како резултат на поставените критериуми избрани се горенаведените општини. Во овие општини спроведени се проекти на основна помош, рехабилитација и развој.

Основна помош

МЦМС организира помош на семејствата чиј економски статус е лош (Проект Основна помош во региони погодени од суша број 12). Тоа се семејства кои имаат земја но немаат работна сила или имаат работна сила а немаат земја или друга работа. Целна група се селани кои не се производители. Вкупно 966 семејства во вкупно 133 села примија помош во готовина во противвредност од 200 ДЕМ.

Селата беа избрани врз основа на разговорите со локалните власти и сознанијата на МЦМС. Корисниците на помошта се предложени од селските комитети, а контролирани од МЦМС. Помошта во готовина им овозможи на корисниците да ги задоволат своите различни ургентни потреби. Проектот е реализиран во пролета 1994.

Во зимата 1994 до истата целна група е дистрибуирана помош во храна и хигиенски производи (Проект број 24, Основна помош и водоснабдување). Поради доцнење предизвикано од донаторот (ECHO) проектот е спроведен во екстремни зимски услови.

Рехабилитација и развој


МЦМС во сушните региони спроведе проекти кои имаа за цел обновување и подобрување на условите за живот преку подршка на употребата на сопствените ресурси и надминување на проблемите.

Помошта на селата содржи помош во земјоделски репроматеријали, во подобрување на водоснабдувањето и подршка на вработувањето

Преку проектот "Рехабилитација на сушните региони" бр. 9, помогнати се 2296 земјоделски домаќинства во 104 села со чек за земјоделски продукти во вредност од 200 ДЕМ. Проектот е спроведен од МЦМС и "Класје на добрина". Селекцијата на селата се одвиваше преку разговори со локалните власти и посета на терен. Селекцијата на корисниците ја вршеа локалните комитети со контрола од организациите кои го спроведоа проектот. Помошта беше наменета за малите земјоделски домаќинства останати без работен капитал, поради големи штети од сушата, без приходи надвор од земјоделието. Чековите служеа за купување на земјоделски репроматеријали од продавниците на "Хемзем" по слободен избор.

Со помошта се опфатени 23,61% од популацијата која живее во избраните села или 6,82% од вкупната рурална популација во избраните општини.

Учество на одредени производи во вкупната помош - ВКУПНО



Производ	Количина
НПК	208,0 тони
Амониум нитрат	494,1 тони
Семе за компир	5,8 тони
Семе за пченка	3,4 тони
Семе за луцерка	2,6 тони
Останато	70 продукти

Поаѓајки од фактот дека водата е проблем број 1, МЦМС на селата од истиот регион им даде подршка во подобрување на водоснабдувањето (Проект број 13, Водоснабдување на селата во сушните региони). Опфатени се селата кои беа тешко погодени од сушата и имаа скромни потреби од помош. МЦМС помогна со "факторот што недостасува", а тоа најчесто беше: организација и финансиска помош.

Со ангажирање на 158.741,97 ДЕМ беа постигнати мултипликативни ефекти. Вкупната мобилизација на локалните ресурси изнесува 970.275,14 ДЕМ.

Во текот на 1994 година МЦМС спроведе и идентификација во Скопје, Крива Паланка, Кратово итн.

Надвор од проектното подрачје, инвестирани се 50.000 ДЕМ во реконструкција и изградба на регионалниот водовод за шест села во општина Гази Баба со вкупна популација од околу 30.000 жители.

Преглед на проекти за водоснабдување

Село	Вк. вредност на работите	Инвестициони средства на МЦМС	Учесто на МЦМС во %	Учество на селаните во %	Учество на Реп. Буџет во %	Учество на АРНРП* во %	Учество на лок. претприја-тија во %
Дедино	213.600,00	16.103,00	7,54	36,16	6,30	50,00	/
Ракитец	6.470,00	4.576,54	70,73	29,27	/	/	/
Штурово	6.200,00	2.309,37	37,24	62,76	/	/	/
Ораовица	8.970,00	4.485,00	50,00	50,00	/	/	/
Д. Липовиќ	62.303,00	6.517,50	10,46	39,54	/	50,00	/
Балталија	13.600,00	4.516,37	33,20	20,00	/	/	46,80
Пухче	5.351,00	681,48	12,73	87,27	/	/	/
Пиперово	2.000,00	757,58	37,88	62,12	/	/	/
Вртешка	27.800,00	2.882,70	10,37	89,63	/	/	/
Малино	11.916,00	3.319,01	27,85	42,80	29,35	/	/
Орел	34.320,00	3.692,43	10,75	11,00	11,22	/	67,03
Коселери	32.470,00	16.798,50	51,73	10,07	11,84	/	26,36
Д. Чичево	45.000,00	3.093,75	6,87	27,40	/	50,00	15,73
Бистрица	278.000,00	30.485,04	10,96	39,04	/	50,00	/
Мелница	74.700,00	11.654,83	15,60	69,00	15,40	/	/
Славеј	120.600,00	32.131,30	26,64	56,36	/	/	17,00
Браилово	2.500,00	2.500,00	100,00	/	/	/	/
Св. Николе	24.475,14	12.237,57	50,00	/	50,00	/	/
ВКУПНО	**970.275,14**	**158.741,97**	**16,36**	**41,06**	**4,99**	**30,86**	**6,73**

Како подршка на гореспомнатите активности во Прилеп, МЦМС изгради три мали микроакумулации (Проект мини брани, бр. 26). Браните се изградени во селата Пештани и Кален во Мариово и село Црнилиште. Капацитетот на браните е 10.000 - 18.000 $м^3$ и служат за вода за стоката и за наводнување на мали површини од 2-6 ха., доволно за обезбедување на свеж зеленчук во овие од градот одалечени села.

Во Прилепското село Славеј (Проект Текстилна фабрика Славеј број 27), обезбедено е отворање на нови 20 работни места за жени. Селото е карактеристично бидејќи селаните немаат своја земја и се зависни од неземјоделски активности. МЦМС со подарок и кредит во вкупна вредност од 50.000 ДЕМ набави нови машини за проширување на капацитетот на текстилната фабрика и вработување на 20 жени од селото. Делот од 20.000 ДЕМ кој е подарок е претворен во акции на нововработените, а делот од 30.000 ДЕМ кој е кредит е исплатен со 375 зимски јакни, кои преку ромските организации Хомос, Даја и Месечина се дистрибуирани до деца во Куманово, Скопје, Гостивар и Прилеп.

Западен дел од земјата

Со цел да се подржат опстанокот на селата, демократските процеси и меѓуетничките комуникации во земјата преку подршка и развој на економските можности во етнички мешаните подрачја, МЦМС во втората половина од 1994 година започна активности во западниот дел од земјата. Целна група се маргинализираните села со лоши економски услови, во планинското подрачје на западниот дел од земјата кое опфаќа делови од општините Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски брод, Т. Велес, Прилеп и Струга.

Основна помош

МЦМС спроведе основна помош во готовина за 838 семејства во 92 села во Гостивар, Дебар и Кичево (Проект Основна помош во западниот дел од РМ број 25), во Октомври - Декември 1994 година. Несреќен момент беше совпаѓањето на помошта со одржувањето на парламентарните избори '94, што доведе до одредени одлагања.

Развој

кат.	општина	село	активност
Потреби на заедницата			
1.1. Струја	Дебар	Татар Елевци	набавка на трансформ.
1.2. Водоснабдување	Дебар	Хаме и Рајчица	помош за водоснабд.
1.3. Канализација	Гостивар	Требиште	доработка на системот
1.4. Месна заедница	Дебар	Коџаџик	реконструкција на М.З.
1.5. Комуникации	Дебар	Коџаџик	радиостаница џип
	Т. Велес	Г. Јаболчиште	радиостаница џип
	Дебар		2 х радиостаница
1.6. Школска опрема	Дебар	10 школи	мапи и школски табли
Добиток и наводнување			
2.1.1. Повеќенаменска	Гостивар	Требиште, Велебрдо Битуше, Ростуше	поправка на системот за водоснабдување и поила
2.1.2. Повеќенаменска	Прилеп	Црнилиште	мини-брана

МЦМС систематизира податоци и знаења за преку 300 села во проектните подрачја. Упорноста во работата, како и успешните проекти допринесоа да се зголеми активноста во повеќе села во проектните подрачја.

3. Програм за промоција на можноста за вработување

Целна група

Овој програм има за цел да ги заштити и каде е возможно да овозможи отворање на нови работни места, во прва рака за вулнерабилните и маргинализирани групи: самохрани мајки, хендикепирани и итн.

Посебно внимание доби вработувањето на жените, како први жртви на економската криза. Претставникот на ХМП заедно со Организацијата на жените на Македонија посетија и остварија средби во повеќе градови во земјата. Како резултат на сите тие активности во 1994 се спроведени вкупно 3 проекти (Проект Партизанка-Делчево бр. 15, проект Визуелно хендикепирани бр. 17 и проект Организација на Жени Тетово бр. 23).

Преглед

Прк.	Опис	Буџет (ДЕМ)	Вработени
15	Кредит за текстилна фабрика Партизанка	100.000	120 р. (109 жени)
17	Кредит за печатница	80.000	8 раб. (5 хенд.)
23	Почетен кап. за сервис за чистење, ОЖТ - Тетово	17.000	2 раб.
	ВКУПНО	197.000	130 работници
27	Кредит и под. за текс. фабрика, с. Славеј, Прилеп	50.000	20 раб. (20 жени)

Отворени се вкупно 130 нови работни места за што е инвестирано 197.000 ДЕМ или за околу 1.500 ДЕМ е отворено едно работно место. Кон оваа бројка може да се додадат и 20 вработени жени во село Славеј, каде инвестицијата е 2.500 ДЕМ по работно место.

Ефектот е уште поголем ако се знае дека од вкупните средства 247.000 ДЕМ, само 37.000 ДЕМ се неповратна инвестиција, додека 210.000 ДЕМ се краткорочни кредити, без камата, или со минимална годишна камата.

Покрај директните интервенции МЦМС завзема ориентација да сите производи наменети за програмите ги набавува локално, што значеше одредена подршка за локалната економија.

Проектот Саја број 29 со кој требаше да започне работата на работилница за рачно плетени џемпери е одложен за 1995 година.

4. Програм за достоинство на хендикепираните и маргинализираните

Преку оваа програма МЦМС, многу селективно ги помагаше потребите за образование, работа и мобилност на хендикепираните, преку нивните Асоцијации или институции.

Во текот на работата на ова поле проектите се групираа во две целини: проекти ориентирани кон хендикепираните и проекти ориентирани кон Ромите.

Во првата група се проектите: "Демир Капија 2" бр. 11; "Ранка Милановиќ" бр. 16; "Еманципација на визуелно хендикепирани" бр. 17; "Бања Банско" бр. 21 и "Св. Наум Охридски" бр. 30.

Во "Демир Капија", институција за ментално ретардирани, благодарејќи на ангажманот на меѓународните организации е постигната одредена "нормалност". Затоа МЦМС се ориентира кон окупациона терапија за штитениците. По одбивањето на идејата *за производство на пластични маси, како непогодно за штитениците и опасно за* природната околина, МЦМС ја поттикна идејата за обновување на шивачката работилница. Работилницата се користи за шиење на пиџами, постелнина за потребите на домот, но е занемарена, и порадифактот дека во последните години се примени готови производи од меѓународната хуманитарна помош. МЦМС обезбеди одреден број на машини и платно за шиење.

Во "Бања Банско" единствена институција во земјата за физички хендикепирани лица во земјата, подржан е проектот за употреба на алтернативна енергија: термална вода. Термалната вода ќе биде употребена за греење, за физикална терапија (во базенот) и на крај ќе биде употребена за загревање на оранжерии за производство на зеленчук.

Во "Ранка Милановиќ" и "Св. Наум Охридски" се реализирани проекти за обновување на нормалноста: во "Ранка Милановиќ" тоа значеше изработка на намештај, во што учествуваа самите деца, штитеници од домот, а во "Св. Наум Охридски" тоа значеше замена на душеците во интернатот со нови и поставување на заштитни фолии. И двата проекти водеа кон корисни контакти меѓу МЦМС и институциите и идентификација на идни проекти повеќе ориентирани кон "income generating" проекти и окупациона терапија.

"Еманципација на визуелно хендикепирани" обезбеди преку кредит од 80.000 ДЕМ набавка на машини за печатење и вработување на осум работници, од кои 5 визуелно

хендикепирани. Отплатата на кредитот во 1995 година ќе биде употребен за комуникациски и едукативни потреби на визуелно хендикепираните.

Втората група на проекти ориентирани кон помош на Ромите се состоеше од еден месечен проект "Едукативни потреби на Ромите" бр. 31. МЦМС обезбеди средства за реконструкција на вечерното училиште "Макаренко" во Шуто Оризари, Скопје и дистрибуција на 1.800 школски прибори преку ромските организации Хомос, Даја и Месечина. МЦМС за Ромските деца обезбеди и 375 зимски јакни. Посебно внимание е посветено кон јакнење на ромските организации Хомос, Даја и Месечина, како дел од ориентацијата на МЦМС за работа преку организации на или блиски до корисниците.

5. Програми за јакнење на Цивилно општество

Цел на овие програма е:

- да се идентификуваат НВО, цивилни групи, агенции на верските заедници во Македонија кои сакаат да спроведат програми во областа на служба на црквите и општеството, развој и рехабилитација, како и натамошен развој на цивилното општество.
- да се мобилизира подршка за работата на овие групи, јакнење на нивниот оперативен капацитет, пресметливост каде е потребно, помош на организациите во формулација на проектите.

МЦМС ги концентрира своите напори во некои области: хуманитарна работа (вклучувајќи ја хуманитарната работа на црквите), човекови права и интеретнички дијалог, екологија, здравствена едукација и права на жените. Отворени се три типа на проекти: техничка помош на организациите, обука и подршка на програми на НВО

Техничка помош беше обезбедена за две групи НВО: хуманитарни и женски. Во делот на хуманитарни НВО, МЦМС посебно работеше со ромските организации Хомос, Даја и Месечина, кадеи идентификација на верските агенции во служба на општеството.

МЦМС ги поддржа женските групи и НВО. Првиот проект беше формирањето на СОС телефон, (Проект "СОС телефон" бр. 7) реализиран со Организацијата на жени на град Скопје. СОС телефонот е наменет за советување и подршка на жените жртви на насилство или маргинализирање. СОС телефонот ја започна својата работа во средината на 1995 година.

ОЖАМ е поддржан со основните потреби за канцелариско работење (Проект ОЖАМ бр. 22) како и ОЖМ (фонд за мали проекти).

Во средината на 1994 година е поддржано основање на женска група за еманципација, солидарност и еднаквост (ECE). Групата има цели кои се содржани во самото име, за кои групата се залага преку контакти со медиумите, политичарите итн.

Во 1994 година реализиран е првиот "income generating" проект со ОЖТ, кој покрај вработувањето обезбедува и средства за програмата на ОЖТ.

МЦМС учествуваше во организацијата за семинар за обука на проект менаџери, во Ноември 1994 заедно со CRS, IFRC и DIA-LO.

Програмите на НВО се поддржани преку фондот за мали проекти, во склад со критериумите воспоставени за фондот.

МЦМС особено внимание посвети на јакнењето на локалните иницијативи, кои составен дел на цивилното општество

хендикепирани. Отплатата на кредитот во 1995 година ќе биде употребен за комуникациски и едукативни потреби на визуелно хендикепираните.

Втората група на проекти ориентирани кон помош на Ромите се состоеше од еден посечки проект "Едукативни потреби на Ромите" бр. 31. МЦМС обезбеди средства за реконструкција на вечерното училиште "Макаренко" во Шуто Оризари, Скопје и дистрибуција на 1.800 школски прибори преку ромските организации Хомос, Даја и Месечина. МЦМС за Ромските деца обезбеди и 375 зимски јакни. Посебно внимание е посветено кон јакнење на ромските организации Хомос, Даја и Месечина, како дел од ориентацијата на МЦМС за работа преку организации на или блиски до корисниците.

5. *Програм за јакнење на Цивилно општество*

Цел на сваа програма е:

- да се идентификуваат НВО, цивилни групи, агенции на верските заедници во Македонија кои сакаат да спроведат програми во областа на служба на црквите и општеството, развој и рехабилитација, како и натамошен развој на цивилното општество.
- да се мобилизира подршка за работата на овие групи, јакнење на нивниот оперативен капацитет, пресметливост каде е потребно, помош на организациите во формулација на проектите.

МЦМС ги концентрира своите напори во некои области: хуманитарна работа (вклучувајќи ја хуманитарната работа на црквите), човекови права и интеретнички дијалог, екологија, здравствена едукација и права на жените. Отворени се три типа на проекти: техничка помош на организациите, обука и подршка на програми на НВО

Техничка помош беше обезбедена за две групи НВО: хуманитарни и женски. Во делот на хуманитарни НВО, МЦМС посебно работеше со ромските организации Хомос, Даја и Месечина, како и идентификација на верските агенции во служба на општеството.

МЦМС ги подржа женските групи и НВО. Првиот проект беше формирањето на СОС телефон. (Проект "СОС телефон" бр. 7) реализиран со Организацијата на жени на град Скопје. СОС телефонот е наменет за советување и подршка на жените жртви на насилство или маргинализирање. СОС телефонот ја започна својата работа во средината на 1995 година.

СЖАМ е подржан со основните потреби за канцелариско работење (Проект СЖАМ бр. 22) како и ОЖМ (фонд за мали проекти).

Во средината на 1994 година е подржано основање на женска група за емансипација, солидарност и еднаквост (ECE). Групата има цели кои се содржани во самото име, за кои групата се залага преку контакти со медиумите, политичарите итн.

Во 1994 година реализиран е првиот "income generating" проект со ОЖТ, кој покрај еднократното обезбедува и средства за програмата на ОЖТ.

МЦМС учествуваше во организацијата за семинар за обука на проект менаџери, во Ноември 1994 заедно со CRS, IFRC и DIA-LO.

Програмите на НВО се подржани преку фондот за мали проекти, во склад со критериумите воспоставени за фондот.

МЦМС особено внимание посвети на јакнењето на локалните иницијативи, како составен дел на цивилното општество

6. Информации

МЦМС обезбеди тек на информации за ситуацијата, условите, предизвиците, црковните и НВО програми во земјата до мрежата на ССЦ и други.

МЦМС и ХМП претставништво во Македонија издадоа 6 броја на "Дијалог Македонија" во 1993/94 година, кој содржи натписи за политичката и економската состојба во земјата, хуманитарните активности, НВО како и социјални и економски индикатори.

Од Март 1994 година "Дијалог Македонија" продолжи да излегува како "Македонски дијалог - МЦМС Билтен", во мандат на МЦМС. Издадени се три броја до крајот на годината, како и два "backgroung paper" еден за случајот "парамилитарна војска" и еден за "економската политика".

Два моменти се посебно обработувани во билтените: економската криза посебно од аспект на грчкото ембарго и потребата од поголема меѓународна хуманитарна помош и солидарност.

7. Партнери

МЦМС ја прошири својата соработка со агенциите донатори не само во ССЦ туку и надвор од него. Како резултат на добрата соработка во Септември 1994 година во Скопје се организирани "Консултации за Македонија", при што пред агенциите на ССЦ е презентирана Македонија, МЦМС како и повеќе НВО.

Симпатиите и подршката добиени со успешната работа дадоа основа за формирање на "Конзорциум за Македонија" - тригодишен договор за соработка на МЦМС со агенциите на ССЦ.

Конзорциумот треба да обезбеди стабилни услови за работата на МЦМС во периодот 1995 - 1998

Внатре, МЦМС, одржува соработка со НВО, црквите и државната администрација. Постигната е одлична соработка со повеќе НВО, кои повеќето се сега членови на МЦМС. Внимание беше посветено и на соработката со црквите МПЦ, ЕЦМ, КЦМ и ИВЗ.

8. Структура и развој на МЦМС

Во 1994, МЦМС продолжи со интензивна изградба на својата структура. Започнувајќи како проектна група на Одборот за мировни и граѓански иницијативи во Мај 1993 година, МЦМС е основан во Декември 1993 година, кога веќе ги носеше своите први проекти. Во почетокот на 1994, МЦМС го раководеа 10 основачи кои го сочинуваа Извршниот одбор. Првите проекти ги водеа "ad hok" формирани тимови. Успехот во самиот старт допринесе да во Мај 1994 се започне проектот Операционализација на МЦМС број 14, кој имаше за цел да обезбеди јакнење и градење на оперативниот капацитет. Со Статутот МЦМС ги постави темелите на идната структура на МЦМС.

Во Ноември 1994 година се одржа и првата седница на Собранието, на која беа примени во членство на 13 НВО, а беа избрани и Претседател, Извршен одбор и други органи и тела.

Претседателот на МЦМС Г-н Мирко Спироски ја води организацијата од самиот почеток. Основачите го сочинуваа Извршниот одбор, кој со измените по првата редовна седница на Собранието доби нов квалитет во една етничка, верска и полова разноликост.

Извршниот одбор го сочинуваат Претседател и 9 члена.

Стручната служба е основана во Февруари 1994 година со изборот на ВД Програм директор. Од тогаш таа полека израсна до сегашната големина. Таа е организирана во одделенија согласно на програмите на МЦМС. Стручната служба работи на формулација, имплементација и известување за програмите.

Колективни членки на МЦМС:

1. Хуманитарна организација "Хомос"
2. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите "Месечина"
3. Форум за човекови права
4. Хелсиншки комитет за човекови права
5. Движење на екологисти на Македонија
6. Младински Совет на Македонија
7. Сојуз на Студентите при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
8. Организација на Жени на Македонија
9. Сојуз на Организации на Жените во РМ
10. Сојуз на жената Албанка во Македонија
11. Сојуз на пензионери на Македонија

Извршен одбор:

93/94

1. Мирко Спироски, Претседател
2. Иван Тулевски
3. Наташа Габер
4. Теута Крашница-Чучкова
5. Димитрие Бужаровски
6. Нано Ружин
7. Савка Тодоровска
8. Љубомир Цуцуловски
9. Зорица Велковска
10. Сашо Клековски

94/98

1. Мирко Спироски, Претседател
2. Кадриу Нуриje
3. Костов Зоран
4. Точи Мухамед
5. Прота Драги Костадиновски
6. Зејнула Еф. Фазлиу
7. Пречесен Михаил Цеков
8. Иван Тулевски
9. Наташа Габер
10. Теута Крашница-Чучкова

Членови на Собрание:

1. Мирко Спироски, Претседател
2. Кадриу Нуриje
3. Зоран Костов
4. Точи Мухамед
5. Иван Тулевски
6. Андон Марковски
7. Анета Андонова
8. Арифи Сељам
9. Биљана Стевановска
10. Борис Давитков
11. Васка Калинска
12. Вите Исјановски
13. Јорданка Куситасевска
14. Мето Јовановски
15. Митко Кржовски
16. Муќерем Руси
17. Надежда Герасимова
18. Рамадан Сејфулов
19. Савка Тодоровска
20. Сашо Стрезоски
21. Свето Стефановски
22. Ќани Рамадан
23. Хатиџе Исљами

Стручна служба:

Сашо Клековски - Програм директор

Програма за развој на село

Ацо Кочовски - Проект асистент
Херби Елмази - Проект асистент
Димче Митрески - Проект асистент
Роман Пападимитров - Проект асистент
Љупчо Кочовски - Проект асистент

Програм за достоинство на хенд.


Душица Бошковска - Проект асистент

Канцелариски тим

Валентина Генчова - Адм. секретар
Тони Гицев - Систем програмер
Весна Богдановска - Хигиеничар


9. Финансиски извештај

Извори на МЦМС



Оваа бројка не ја вклучува проценката за 1.2 милиони ДЕМ, средства мобилизирани од локални извори. Оваа позиција не е предмет на извештајот, меѓутоа е круцијална за успехот на работата на МЦМС.

Расходи на МЦМС



10. Кратенки

WCC (ССЦ)	- Светски совет на црквите
SOH/DIA (ХМП)	- Dutch Interchurch Aid / Холандска меѓуцрковна помош (Холандија)
HEKS (ХЕКС)	- Swiss Interchurch Aid / ХЕКС Швајцарска меѓуцрковна помош (Швајцарија)
DCA	- Danchurchaid / Данска црковна помош (Данска)
DW	- Diakonische Werk / Екуменска помош (Германија)
CAID	- Christian Aid / Христијанска помош (В. Британија)
ODA	- Overseass Development Agency / Прекуморска агенција за развој (В. Британија)
ECHO	- European Community Humanitarian Office / Хуманитарна организација на Европската заедница
HIA	- Hungarian Interchurch Aid / Унгарска меѓуцрковна помош (Унгарија)
CRS	- Catolic Relief Services (Католички служби за помош)
IFRC	- International Federation of Red Cross (Меѓународна федерација на црвениот крст)
МПЦ	- Македонска Православна Црква
ЕЦМ	- Евангелско Методистичка Црква на Македонија
КЦМ	- Католичка Црква на Македонија
ИВЗ	- Исламска Верска Заедница
НВО	- Невладини организации
СЖАМ	- Сојуз на жената Албанка во Македонија
ОЖТ	- Организација на жени - Тетово
ОЖМ	- Организација на жени на Македонија

Преглед на проекти во 1994

Број на проект : **04**
Име на проект : Помош на воените ветерани и инвалиди
Целна група : 1.835 ветерани, 3 чисти категории
Активност : еднократна помош во вид на чек
Временско пл. : почеток во Ноември, реализација Јануари - Март 1994
Буџет : побарано и одобрено 198.180 ДЕМ
Имплем. орг. : основачите на МЦМС
Статус : завршено во Март, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : **06**
Име на проект : Реконструкција во "Катланово"
Целна група : членови на Ассоцијацијата на Пензионерите во 7 општини
Активност : поправки на зградата
Временско пл. : а) финансиската конструкција одобрена во средината на Април
б) одлучување кои градежни фирми
в) имплементација, еден месец: Мај или Окт.
Буџет : 109.000 ДЕМ-вкупно, ХМП донација 50.000 ДЕМ. додатни трош. МЦМС 7.500 ДЕМ
Имплем. орг. : 1) АПМ за а) и б)
2) фирми со најдобра понуда за в)
3) архитект за надзор, наименувам од МЦМС
Статус : имплементирано ноември/Декември, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : **07**
Име на проект : Женска СОС - линија
Целна група : жените во невоља
Активност : реализација на тел. линија жена - жена
Временско пл. : почеток во Февруари
Буџет : EWSF одобри 32.000 ДЕМ во Јануари '94
Имплем. орг. : Организација на жени на Скопје
Статус : започната со работа 1994, добро функционира
Забелешки : линијата за помош на жените во невоља започна со работа под раководство на Организацијата на жени на Скопје, под надзор на МЦМС

Број на проект : **09**
Име на проект : Рехабилитација на регионите погодени од сушата
Целна група : ± 2.300 селектирани мали земјоделци останати без работен капитал за 1994
Активност : издавање на чекови, за подигање на земјоделски добра
Временско пл. : почеток во почетокот на Февруари, завршено во почетокот на Април
Буџет : CAID, ДЕМ 500,000
Имплем. орг. : ad hoc група + МЦМС; во Муслиманските села: Класје на добрина, во други села : општинските и селските комитети, добавувач на зем. добра: ХЕМЗЕМ
Статус : завршен на време. Крај на проектот во Април, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : 11
Име на проект : Демир Капија 2
Целна група : згриженици на кои им е потребна окупациона терапија
Активност : поставување на терапија и работна програма
Временско пл. : идентификација Ноември/Декември '93, формулација + проценка Фев-Мар '94
Буџет : 16.000 ДЕМ за формулација
Имплем. орг. : МЦМС и Заводот за социјални грижи
Статус : имплементацијата сеуште во тек
Забелешки : законски и пазарни компликации, првичната идеја за производство на пластични маси е отфрлена од МЦМС. Започната активност за обновување на работилницата за жиење

Број на проект : 12
Име на проект : Помош во средства за живот во регионите погодени од сушата
Целна група : сиромашни не-земјоделски фамилии во селата
Активност : ДЕМ 200 (еквивалент) во готово на селектираните
Временско пл. : Март-Април 1994
Буџет : ХМП 250.000 ДЕМ
Имплем. орг. : ад-хок група формирана од МЦМС
Статус : крај на проектот во Април, 960 корисници, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : 13
Име на проект : Мали проекти за водоснабдување во селата во сушните региони
Целна група : селектирани селски заедници
Активност : стимулација на самопомошта со мал допринос
Временско пл. : пролет и лето 1994
Буџет : ХМП одобри 60.000 ДЕМ, ХЕКС финансира 164.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС, локалните комитети, компании
Статус : почеток во Мај, крај Декември, извештајот е во тек
Забелешки : проекти реализирани во 14 села

Број на проект : 14
Име на проект : Операционализација на МЦМС
Целна група : оперативен партнер на WCC фамилијата во Р. Македонија
Активност : опремување на канцеларија, запослување и тренинг на екипата и др.
Временско пл. : почеток со официјална работа во Мај
Буџет : 135.000,- ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС
Статус : комплетирани, извештајот е во тек
Забелешки : брзо ширење на активностите

Број на проект : 15
Име на проект : Вработување на жени (Делчево)
Целна група : невработени жени (текстилни работници)
Активност : кредит за фабриката -> вработување на 60 до 100 жени
Временско пл. : Април-Октомври
Буџет : 100.000,- ДЕМ
Имплем. орг. : текстилна фабрика, МЦМС надгледува
Статус : во фаза на исплата
Забелешки : 120 нови работници вработени (109 жени), преку кредитот е овозможено на фабриката да купи специјални машини и да обезбеди голем, повеќегодишен извоз

Број на проект : 16
Име на проект : Завод за згрижување на деца и младинци "Ранка Милановиќ"
Целна група : деца згриженици на домот на "ресоцијализација"
Активност : да им се обезбеди елементарна приватност, децата ќе помогнат во изработката на сопствените кревети, ормарчиња, шкафови
Временско пл. : лето 1994
Буџет : 90.000,- ДЕМ
Имплем. орг. : управата на Р. Милановиќ, МЦМС надгледува
Статус : завршено, извештајот во тек, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : 17
Име на проект : Еманципација на визуелно хандикепирани
Целна група : членови на Асоцијацијата на слепите
Активност : кредит за поставување на нова производна линија, во компанијата "Норт", исплатата на кредитот ќе биде во продукти
Временско пл. : со работа ќе почне во Јули, исплата е по 15 месеци
Буџет : 80.000,- ДЕМ
Имплем. орг. : компанија "Норт", мониторинг МЦМС
Статус : во фаза на исплата
Забелешки : кредитот на компанијата овозможи вработување на нови 8 визуелно хендикепирани работници, продолжува со исплата на Асоцијацијата на слепи, за да купи образовна/комуникациска опрема.

Број на проект : 18
Име на проект : Хуманитарна организација "ХОМОС"
Целна група : градски семејства помогнати од ХОМОС и оние вклучени во активностите на заедницата
Активност : да му се овозможи на ХОМОС работа од сопствена канцеларија (= чекор 1)
Временско пл. : имплементација во втората половија на 1994
Буџет : 16.700,- ДЕМ
Имплем. орг. : ХОМОС, мониторинг МЦМС
Статус : завршено во Декември, достапен завршен извештај
Забелешки : ХОМОС е особено активен во маргинализираните градски подрачја

Број на проект : 18а
Име на проект : Хуманитарна организација "ХОМОС"
Целна група : маргинализирани градски семејства
Активност : да му се овозможи на ХОМОС работа од сопствена канцеларија (= чекор 2)
Временско пл. : имплементација во втората половија на 1994
Буџет : 105.000 ДЕМ
Имплем. орг. : ХОМОС, мониторинг МЦМС
Статус : сеуште не е имплементиран, Мај - Септември 1995
Забелешки : да се обезбеди место за активностите на заедницата и малите претпријатија на маргинализираните групи подржани од Хомос под раководство на МЦМС

Број на проект : 19
Име на проект : Е.С.Е.
Целна група : жените од разни националности
Активност : промоција на женските права во сите сфери на животот
Временско пл. : втора половина на 1994
Буџет : ХМП 4.650 Dfl, EWSF 4.650 ДЕМ, 1.627,29 CHF, 2.508 УСД
Имплем. орг. : Е.С.Е.
Статус : започнат 1994, работи
Забелешки : Е.С.Е. ги промовира женските потреби и права во сите сфери на животот, посебно жените од малцинствата. Реализацијата на Е.С.Е., проектите од МЦМС

Број на проект : 20
Име на проект : Иницијатива за развој на село, ICCO
Целна група : селаните во (етнички мешаните) планински региони, Западна Македонија
Активност : проект во рамките на програмата за 1994
Временско пл. : Окт-Дек '94
Буџет 1994 : ICCO 270.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС (+ХМП), општинските раководства, селските водачи
Статус : имплементирано Октомври - Декември, извештајот е во тек
Забелешки : проектот опфаќа 8 проекти за комунални потреби, сточарство и наводнување

Број на проект : 21
Име на проект : Бања Банско, физички хендикепирани
Целна група : пациентите на институтот за заштита и рехабилитација "Бања Банско" - Струмица
Активност : финансирање на некои реконструкции и адаптации
Временско пл. : почеток на работите во Октомври 1994, завршеток во Ноември
Буџет : 96.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС и градежната фирма Макотерм
Статус : крај на Декември, извештајот е во тек
Забелешки :

Број на проект : 22
Име на проект : Сојуз на жената Албанка во Р.М.
Целна група : жени од Албанска националност
Активност : овозможување на Сојузот да работи од канцеларија
Временско пл. : Јули 1994 - Сеп. 1994
Буџет : 25.000 ДЕМ од кои ХМП 17.500
Имплем. орг. : претседателството и доброволци од Легијата
Статус : во имплементација
Забелешки :

Број на проект : 23
Име на проект : Сервис за чистење - Тетово
Целна група : незапослени жени во Тетово
Активност : основање на сервис за читење на теписи и подови
Временско пл. : ако се одобри, купување на машините во Јули 1994
Буџет : допринос на ДИА 17.000,- ДЕМ
Имплем. орг. : Организација на жени на Македонија, огранок Тетово
Статус : имплементирано Сеп. - Дек., мониторинг извештај достапен
Забелешки :

Број на проект : 24
Име на проект : Водоснабдување и дистрибуција на храна , ECHO
Целна група : вулнерабилни групи во селата
Активност : а) дистрибуциј на храна во 1.000 домаќинства
б) водоснабдување во селата
Временско пл. : Ноември - Април 1995
Буџет : вкупно 952.000 ДЕМ, ECXO 900.000 ДЕМ (500.000 ECU) и ХМП 52.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС
Статус : во имплементација
Забелешки :

Број на проект : 25
регион : 3 општини во западната планинска зона
Целна група : нерегистрирани социјални случаи
Активност : зимска помош во пари
Временско пл. : идентиф. + листа на корисници Октомври, дистрибуција во почетокот на Ноември
Буџет : 187.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС заедно со селските одбори
Статус : сеуште во имплементација
Забелешки :

Број на проект : 26
Име на проект : Водоснабдување за стоката и наводнување
Целна група : земјоделци во 3 села од ридскиот дел на Прилеп
Активност : изградба на три мини брани (пилот)
Временско пл. : Октомври - Ноември 1994
Буџет : вкупно 76.200 ДЕМ, локални ресурси 40 %од директните трошоци: 27.600 ДЕМ
ДИА : 48.100 ДЕМ
ICCO : 16.100 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС, локално: општинското раководство, селските водачи, градежни компании
Статус : имплементирано, извештајот е во тек
Забелешки :

Број на проект : 27
Име на проект : Селска фабрика за текстил
Целна група : женски текстилни работници од селото Славеј
Активност : подарок и кредит на фабриката
Временско пл. : купување на машини во Октомври, почеток во Ноември
Буџет : 55.000 ДЕМ, (УСД 36.000), CAID, дел подарок, дел кредит
Имплем. орг. : МЦМС
Статус : работи, каснењеето е поради увозни проблеми
Забелешки : финансирани се нови машини и вработување на нови работнички, дел ќе биде исплатен во текстилни производи кои ќе бидат дистрибуирани во Ромските населби.

Број на проект : 28
Име на проект : Логистичка поддршка на МЦМС
Целна група : корисниците на МЦМС проектите за оваа зима
Активност : проширување и опремување на канцеларискиот простор, купување на џип
Временско пл. : последната недела на Септември
Буџет : 52.000 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС
Статус : сеуште во имплементација
Забелешки :

Број на проект : 29
Име на проект : Женско претпријатие "Саја"
Целна група : незапослени жени во Куманово
Активност : рачно плетење и извоз
Временско пл. : почеток во Декември
Буџет : кредит од 45.000 ДЕМ, кредит од ХМП
Имплем. орг. : женска организација "Кумановка"
Статус : во имплементација/преговори
Забелешки : невработените жени работат дома плетејќи за извоз, потребни се нови нарачки

Број на проект : 30
Име на проект : "Св. Наум Охридски"-Центар за едукација на лесно ментално ретардирани лица
Целна група : ментално ретардирани ученици во "Св. Наум Охридски"
Активност : обезбедување на основни услови за живот во Интернатот
Временско пл. : Август - Ноември 1994
Буџет : 12.500 ДЕМ
Имплем. орг. : МЦМС
Статус : имплементирано на крајот на Ноември, достапен завршен извештај
Забелешки :

Број на проект : 31
Име на проект : Образовни можности на Ромите
Целна група : Припадници на ромска етничка група без завршено основно образование
Активност : Реконструкција на училишните објекти, дистрибуција на школски материјали
Временско пл. : Декември 1994 - Јануари 1995
Буџет :

Вкупно	215.000,00 ДЕМ
ХМП	75.000,00 ДЕМ
DDW	100.000,00 ДЕМ
Caritas Essen	40.000,00 ДЕМ

Имплем. орг. : МЦМС, Ромските организации: Хомос, Месечина и Даја
Статус : имплементирано Декември - Март 1995
Забелешки : реконструкција на АС "Макаренко", дистрибуција на школски материјали и опрема на Ромските организации, под раководство на МЦМС

Број на проект : 32
Име на проект : "Фонд за мали проекти"
Целна група : иницијатори на базични проекти
Активност : финансирање на мали иницијативи кои не можат да чекаат на стандардна процедура
Временско пл. : почеток на Декември 1994
Буџет : 29.873 ДЕМ
Имплем. орг. : НВО и МЦМС
Статус : во имплементација
Забелешки : подршка на малите иницијативи на локалните НВО и групи.